# З А П И С Н И К

## О Д Р А Б О Т Е Н С О С Т А Н О К НА ПОТКОМИТЕТОТ ЗА ИЗРАБОТКА НА ЗАКОН ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО МО

Врз основа на Решение бр.02-7351/1 од 14.11.2022 година за формирање на Комитет за Проектот МКД НАТО 2030, на 10.11.2022 година, се одржа прв состанок на Поткомитетот за изработка Закон за вработени во МО, со почеток во 15.30 часот, во следниот состав:

**Владимир Анчев, државен секретар** - претседател на работната група,
**Марјан Ѓуровски**-претседател на Комитетот
**Никола Атанасовски, кабинетски службеник** – член на работната група,
**Ирена Станковска, раководител на одделение од Секторот човечки ресурси** - член на работната група;
**Никица Јовановска, раководител на одделение од Секторот човечки ресурси** - член на работната група;
**Кети Ристеска, раководител на одделение од Секторот за политика и планирање** – член на работната група;
**Емилија Ралева, раководител на одделение од Сектор за правни работи** – член на работната група;
**Сузана Симовска, раководител одделение од Сектор финансии** - член на работната група;
**Елена Иванова, советник од Сектор човечки ресурси** - член на работната група;
**Даме Томески**, претставник на репрезантативниот синдикат на ниво на работодавач – Независниот Синдикат на Одбраната;
**Фестим Алими**, претставник од Министерството за финансии;
**Искра Белчева**, претставник од цеентар за управување со промени;

**Билјана Поповска**, претставник од Џорџ К. Маршал, Алумни асоцијација на Република Северна Македонија;
**Емилија Петровска,** помлад соработник од Сектор за поддршка на министерот – секретар/ администратор на работна група
**Сара Давидовска**-претставник од КМО
**Даринка Панзов**-претставник од КМО

Состанок го отвори и со него раководеше претседателот на Поткомитетот.

Претседателот на Поткомитетот во воведните зборови образложи зошто е потребно донесување на овој закон и фазите низ кои поминал Предлог – Законот и што следи во иднина.

По воведните зборови, Претседателот на Поткомитетот изрази благодарност до надворешните претставници како и посебна благодарност до Јулијана Караи од Институтот за европски политики за помошта при организирање на јавната дебата. Исто така ги истакна и измените на членовите од Предлог-Законот кои претходно беа искоординирани.

Во дискусијата зема збор и претседателот на Комитетот Марјан Ѓуровски кој се осврна на јавната расправа околу тоа кои луѓе да бидат поканети, дали да има медиумска покриеност, дали да се смени насловот на самиот Предлог-Закон, и дали презентацијата на јавната расправа да биде поделена на три дела.

Дискусија се отвори околу насловот на самиот Предлог-Закон, каде што Ирена Станковска истакна дека потребата од нов закон како наслов е усвоен од страна на Владата и дека итиот треба така да остане.

Околу прашањето кои луѓе треба да бидат поканети на јавната расправа Никола Атанасовски истакна дека Собранието на РСМ треба да биде повикано заради запознавање околу носењето на Законот за вработени во МО.

Претседателот на Поткомитетот Владимир Анчев направи сублимат околу изнесеното и се донесе следниот залкучок:

1. Посебна јавна расправа на Поткомитетот да има со Собранието на РСМ,
2. Преработена и доставена агенда до МО и одредување на датум за реализирање на јавната расправа,
3. Да има медиумска покриеност,
4. Да нема измена на насловот на Предлог-Законот.

Бидејќи никој не побара дополнително збор, претседателот на Поткомитетот ги задолжи членовите од МО да извршат усогласувања на материјалите за претстојната јавна расправа

Состанок заврши во 17:00 часот.

Број 02-8038/1
22-11-2022 2022
СКОПЈЕ

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ПОТКОМИТЕТ
ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР
Владимир Анчев